08 - 780/3
06 -04- 2023

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 12/2019), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на продолжението на 84-та седница одржана на ден 31.03.2023 година донесе

О Д Л У К А

Постапката на ДКСК по предмет број 08-6807/1 од 14.12.2021 година, оформен по сопствена иницијатива, за прекршување на одредбите од член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси од страна на _____, член на Управен одбор – преставник на основачот на _____, СЕ ЗАПИРА.

Прекршочната комисија со Решение број 14-781/5 од 03.08.2022 година сторителот _____ го огласила за одговорен за прекршокот по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот закон и му изрекла прекршочна санкција – глоба во износ од 300 евра во денарска противвредност.

Нема елементи за натамошно постапување на ДКСК во конкретниот предмет.

Одлуката на ДКСК, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

Предметот број 08-6807/1 од 14.12.2021 година е оформен по сопствена иницијатива.

ДКСК, од Службен весник број 152 од 2020 година утврди дека _____ од _____ со Решение број 20-5090/1 од 29.05.2020 година е именуван на должноста член на Управен одбор – преставник на основачот на _____.

Од својата евиденција ДКСК утврди дека лицето _____, во законски утврдениот рок од 30 дена од денот на именувањето на наведената функција, не поднело анкетен лист до ДКСК.

ДКСК на именуватото лице му издаде и достави прекршочен платен налог број 08-6807/2 од 14.12.2021 година за прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот закон.

Со оглед на тоа што лицето _____, во законски предвидениот рок не постапи по прекршочниот платен налог, ДКСК поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до прекршочната комисија во ДКСК.

Прекршочната комисија во ДКСК со Решение број 14-781/5 од 03.08.2022 година _____ го огласи за одговорен за прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси казнив по член 109 од истиот закон и му изрече прекршочна санкција ГЛОБА во износ од 300 евра во денарска противвредност .

Врз основа на наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Изготвил: м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник
Одобрил: Нури Бајрами, член

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Заменик Претседател,
Катица Николовска